АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија “бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 01-08-2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3036 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово;
3. **Период опфатен со надзорот:** 7 јули 2023 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 31 јули 2023 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер).
6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово, емитуван на 7 јули 2023 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**.

Радиодифузерот не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: - полното име на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; - адресата на седиштето на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; - податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на веб-страницата; - одговорното лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово, на 7 јули 2023 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***